**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.Јаким Стојковски бр.1*
*Тел: **032 48 31 31**; факс: **032 48 30 47***
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ**

**Бр. 10-307/2**
**од 27.03.2019 год.**
**Пробиштип**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и бр.64/18 год.) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Прбиштип за 2018 година со Одлука Број 26-851/11 од 01.12.2017 год., објавена во „Сл.Гласник" на Општина Пробиштип Бр.3/2017 год., донесена од страна на Советот на Општина Пробиштип, Градоначалникот на Општина Пробиштип го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## За организирање на Јавна презентација и јавна анкета по Конечен предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 13 Урбан опфат 13.1 КО Пробиштип, Општина Пробиштип

Се известуваат граѓаните на Општина Пробиштип дека се организира Јавна презентација и јавна анкета по **Конечен предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 13 Урбан опфат 13.1 во м.в. Град, КО Пробиштип, Општина Пробиштип,** со Тех.број 04/2018 од септември 2018, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје.

Границата на конкретниот плански опфат е дефинирана на следниот начин:
-На **север** границата започнува од КП Бр.634/1 и продолжува северозападно до КП Бр.633/1, од тука продолжува југозападно до КП Бр.787/42, од каде се движи југозападно се до пресекот на КП Бр.762/3 со ул.„Миро Барага" и продолжува по осовината на улицата југоисточно се до КП Бр.949/1.
-На **запад** границата започнува од пресекот на ул.„Миро Барага" и КП Бр.949/1 и се движи југозападно до КП Бр.952 од каде продолжува северозападно до КП Бр.923 и завршува јужно до КП Бр.3264.
-На **југ** границата започнува со КП Бр.3264 и се движи на исток се до КП Бр.744.
-На **исток** границата започнува со КП Бр.744 и се движи на север се до пресекот на ул.„Миро Барага" и КП Бр.740/1, од каде продолжува на запад до пресекот на ул.„Миро Барага" со КП Бр.754/2 и се движи на север се до КП Бр.634/1.

Според ДУП за Урбан Блок 13 Урбан опфат 13.1, КО Пробиштип, вкупната површина на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува **П= 8,7 ха.**

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
*Ул.Јаким Стојковски бр.1*
*Тел:* ***032 48 31 31;*** *факс:* ***032 48 30 47***
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА

со стручно презентирање на

**Конечен предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 13 Урбан опфат 13.1, Општина Пробиштип**, во м.в. Град, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со Тех. број 04/2018 од септември 2018, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА“ Скопје, ќе се одржи на ден **03.04.2019год.** (среда) со почеток во **12.00** часот во салата на Советот на Општина Пробиштип, во Домот на културата - Пробиштип.

## ЈАВНА АНКЕТА по

**Конечен предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 13 Урбан опфат 13.1,Општина Пробиштип**, во м.в. Град, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со Тех. број 04/2018 од септември 2018, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА“ Скопје, ќе трае **10** (десет) **работни дена** и во електронска и во писмена форма, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип, во периодот од **03.04.2019 год. до 16.04.2019 год.**, во кој период заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на **анкетните листови**, кои можат да ги подигнат од Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, и од ***web*** страната на Општина Пробиштип, или во електронска форма преку информацискиот систем ***e-urbanizam.*** Во прилог на анкетните листови да се достави копие од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** од Конечниот предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 13 Урбан опфат 13.1, Општина Пробиштип, ке биде изложен на огласна табла пред влезот на Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, во информацискиот систем ***e-urbanizam*** и на ***web*** страната на Општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, а подетални информации во врска со Деталниот урбанистички план може да се добијат во Одделението за урбанизам на Општина Пробиштип, кое се наоѓа во просториите на зградата на кино салата на вториот кат.

Изготвил: Ј.Дукоска диа

Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=OPShTINA PROBIShTIP Probishtip:4022005104678, serialNumber=CRT3550993, cn=Jordanka Dukoska
Date: 2019.03.27 14:53:21 +01'00'

Одобрил: Б.Станојковски дги

**м.п.**

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Градоначалник**
Драган Анастасов